**ИЗВЕШТАЈ на прашања и одговори како и за резултатите од гласањето на 46-то Собрание на акционери на Стопанска банка АД – Скопје**

На ден 19.11.2019 година се одржа 46-та седница на Собранието на акционери на Стопанска банка АД – Скопје.

Согласно член 391-б од Законот за трговските друштва, во прилог ги објавуваме поставените прашања од акционерите и соодветните одговори. На крајот од документот прикажани се табеларно и резултатите од гласањето по секоја точка поединечно.

**Прашање бр. 1**. *Што се подразбира под „акционерите“ во член 18, став 2 од Предлог-Одлуката за измена на Статутот на СБ (во врска со правата од акциите) која наведува дека „акционерите на СБ имаат право на учество во добивката...“.*

Како што е објаснето во образложението на самата Предлог-Одлука, измените во член 18 се однесуваат на правото на дивиденда и процесот на распределување на добивката, како што е пропишано со Законот за трговски друштва. Поточно, член 18, став 2 е одредба со која се предлагаше усогласување на Статутот на СБ со одредбата од член 329, став 2 од Законот за трговските друштва.

Како и што беше наведено во предложената измена, учеството на акционерите во добивката се определува според родот и класата на акциите. Сопствениците на приоритетни кумулативни акции имаат право на гарантирана (фиксна) дивиденда која се пресметува согласно Одлуката за емисија на акциите усвоена од Собранието на акционери во 1996 година.

**Прашање бр. 2:** *Зошто дури во 2019 година со важност од следната пролет се дава предлог за усогласување со Законот за трговски друштва кој е усвоен во 2004 година?*

На ден 06.05.2005 година Стопанска банка АД – Скопје има добиено Решение од Гувернерот на Народна банка со кое се дава претходна согласност на тогашните предложени измени на Статутот. Имено, предложените измени на Статутот се извршиле „заради усогласување на Статутот со одредбите на Законот за трговските друштва (Сл. весник на РМ бр. 28/2004)“, со што Банката извршила усогласување и со Законот за трговските друштва уште во тој период.

Предложените промени на оваа седница на Собранието на акционери беа предложени со цел да се адресираат и спроведат препораките на Комисијата за хартии од вредност издадени во февруари 2019 година.

**Прашање бр.3:** *Како Банката ќе ја надомести разликата помеѓу исплатуваната дивиденда на приоритетните акции и износот од 54 денари по акција од 2000 година до денес, доколку првата година на исплата на дивиденда се земе како референтна година?*

Сите исплати на дивиденда на приоритетните акции Банката ги извршила во согласност со важечките законски прописи. Начинот на исплата е извршен и во согласност со мислењето на Комисијата за хартии од вредност од 14.02.2006 година како и врз основа на извештај од независна ревизорска куќа која потврдува дека реално и објективно е прикажана пресметаната дивиденда на кумулативните приориретни акции во согласност со Македонските закони.

Следствено на тоа, во сиот овој период од 2000 година до денес, Стопанска банка АД – Скопје целосно ги испочитувала правата на сопствениците на приоритетните акции поврзани со дивидендата согласно одлуките за нивно издавање, мислењата на надлежните институции и важечките законски прописи, па отаму нема никаква законска обврска ниту правен основ за постоење на разлика во дивиденда и исплата на истата.

**Прашање бр. 4**: *Зошто не е наведено кои одредби од Статутот се менуваат, односно како гласи постојната верзија на Статутот и одредбите кои е предложено да се изменат со Одлуката за менување на Статутот на Стопанска банка АД - Скопје*?

Согласно Законот за трговски друштва, Собранието на акционери гласа по предлог одлуките за измена и дополнување на Статутот на Банката, врз основа на кои се изготвува пречистен текст од Статутот. Имено, точка 5 од Дневниот ред на денешната седница на Собранието на акционери беше токму пречистениот текст на Статутот на Банката каде што се обележани сите предложени измени со „track changes" односно акционерите ги имаат на увид како гласат постојните одредби наспроти предложените измени.

Воедно, и Претседавачот на Собранието на акционери исто така одговори на самата седница дека сите точки од Дневниот ред, вклучително и наведениот пречистен текст, се јавно достапни 30 дена пред одржување на седницата и секој заинтересиран акционер можел да направи увид во одредбите на Статутот кој исто така е јавно достапен документ.

**Прашање бр. 5:** *Зошто во предлог одлуката за измена на Статутот на Стопанска банка АД – Скопје (кој се однесува на правата на акциите на СБ) приоритетните акции се дефинирани само како кумулативни приоритетни акции*?

Видот и класата на приоритетните акции како и правата кои ги носат за нивните иматели се определени во Одлуките за издавање на акции. Во релевантните Одлуки за издавање на акции се наведени правата кои произлегуваат од приоритетните акции, од кои недвосмислено се утврдува и видот односно класата на акциите, а тоа <u>е кумулативни приориретните акции.</u>

Исто така, согласно член 31 од Законот за хартии од вредност, правата на сопственост од хартиите од вредност настануваат со запишувањето на хартијата од вредност на сметка на сопственикот во депозитарот, се пренесуваат со запишување на хартијата од вредност на сметката на новиот

сопственик во депозитарот, самите права од хартијата од вредност се стекнуваат, ограничуваат или пренесуваат единствено со соодветното запишување на сметките на хартии од вредност во депозитарот, освен ако со закон поинаку не е утврдено, сите податоци запишани во депозитарот кои се однесуваат на сопственоста на хартиите од вредност имаат статус на претпоставена точност и вистинитост, а изводот од состојбата на сметката на хартии од вредност се смета за доказ за правото на сопственост на хартиите од вредност.

Во таа смисла, видот односно класата на приоритетните акции, т.е. фактот дека се работи за кумулативни приоритетни акции се утврдува, покрај од одлуките за издавање на акциите, и од документите издадени од надлежна институција (соодветни изводи издадени од Централен депозитар за хартии од вредност), што е впрочем наведено во предложената измена на Статутот.

Имено, со основањето на Централниот депозитар за хартии од вредност АД Скопје (основан на 10.10.2001 година), приоритетните акции се регистрирани во форма на електронски записи во единствената валидна база на ЦДХВ како кумулативни приоритетни акции, без право на глас. Притоа, регистрирањето на кумулативните приоритетни акции во ЦДХВ е извршено во постапка согласно Правилата за работа на ЦДХВ претходно одобрени од Комисијата за хартии од вредност. При поднесувањето на документацијата за упис на хартиите од вредност, Банката добила писмена гаранција од страна на независна ревизорска куќа дека акционерската книга ја прикажува реално и вистинито во сите материјални аспекти, состојбата на акционерските влогови на Банката на 23.11.2001 година во согласност со важечките прописи.

Поради сето ова, а во согласност со препораките на Комисијата за хартии од вредност во насока на зголемување на транспарентноста на Статутот на Стопанска банка АД – Скопје, на Собранието на акционери се предложи усвојување на Предлог-Одлуката за измена на Статутот на Стопанска банка АД – Скопје во однос на правата на акциите на Банката.

**Сета дискусија на 46-та седница на Собранието на акционери на Стопанска банка АД – Скопје е содржана во Записникот од седницата подготвен од Нотар Зорица Пулејкова, објавен на веб-страницата на Банката*

СТОПАНСКА БАНКА АД - СКОПЈЕ
членка на NBG групацијата
— 75 ГОДИНИ НА ВАША СТРАНА —

## *Извештај од резултатите на гласањето на 46-та седница на Собранието на акционери*

***17.460.180*** *- вкупен број на обични акции на СБ;* ***227.444*** *- вкупен број на приоритетни акции на СБ*
***16.555.545*** *- вкупен број на обични акции присутни и претставени на Собранието на акционери (94.8%)*
***121.987*** *- вкупен број на приоритетни акции присутни и претставени на Собранието на акционери (53.6%)*

| # | Назив на точка од Дневен ред | Усвоена / Неусвоена одлука | Гласови ЗА | Гласови ПРОТИВ | ВОЗДРЖАНИ гласови |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Избор на Претседавач, Нотар и бројач на гласови | √ | 16.547.320 | 0 | 8.225 |
| 2 | Разгледување на Записникот од 45-та седница на Собранието на акционери | N/A | N/A | N/A | N/A |
| 3 | Донесување на Одлука за измена на Статутот на Стопанска банка АД – Скопје (која се однесува на правата од акциите на СБ)* | X | Обични акции<br>16.530.803<br>(99.9%)<br>--------------------<br>Приоритетни акции<br>11.074<br>(9.1%) | Обични акции<br>23.312<br>(0.1%)<br>------------------------<br>Приоритетни акции<br>110.716<br>(90.8%) | Обични акции<br>1.430<br>(0.0%)<br>-------------------------<br>Приоритетни акции<br>197<br>(0.2%) |
| 4 | Донесување на Одлука за измена на Статутот на Стопанска банка АД – Скопје (која се однесува на телата на СБ) | √ | 16.530.803<br>(99.9%) | 0 | 24.742<br>(0.1%) |
| 5 | Утврдување на пречистен текст на Статутот на Стопанска банка АД - Скопје | √ | 16.530.803<br>(99.9%) | 0<br>(0%) | 24.742<br>(0.1%) |

*** *Имајќи предвид дека Одлуката (точка бр.3) влијае врз правата кои произлегуваат од двата рода на акции, по истата беше спроведена одвоено гласање од претставниците на обични и претставниците на приоритетни акции, односно по предлогот гласаа акционерите со право на глас (обичните акции) а од акционерите претставници на приоритетните акции беше побарана дополнителна согласност. По гласањето, претставените сопственици на обични акции гласаа ЗА/позитивно, додека пак претставените приоритетни акции НЕ дадоа согласност на предложената одлука. Претседавачот констатираше дека Предлог Одлуката за измена на Статутот на Стопанска банка АД - Скопје (која се однесува на правата од акциите)* ***НЕ*** *беше усвоен.*

11 Октомври 7, 1000 Скопје, Република Северна Македонија тел. 02 3295-295, факс 02 3114-503, SWIFT CODE: STOB MK 2X, EMBS 4065549
e-mail: sbank@stb.com.mk, http://www.stb.com.mk